РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр.-Nr. 09-744/4
26-02-2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од непознат подносител, на 46 – та седница, одржана на ден 12.02.2021 година, ДКСК донесе

## ОДЛУКА

Наводите од анонимната пријава со бр. 09-744/1 од 22.02.2019 година кои се однесуваат на вработување на лицето ---------- во Клиничката болница во -----, сопруга на ----------, директор на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – подружница ---------, се потврдуваат, но вработувањето е извршено согласно член 161 од Законот за здравствената заштита, каде е искористено дискреционото овластување од страна на одговорното лице на Клиничката болница во -----------.

Постапката за утврдување судир на интереси во однос на конкретниот случај од пријавата СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот со број 09-744/1 од 22.02.2019 година.

Предметот со број 09-744/1 од 22.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-744/1 од 22.02.2019 година е оформен по поднесена анонимна пријава, со наводи дека е извршено влијание за вработување на лицето ----------- во Клиничката болница во --------, сопруга на ----------, директор на АД за стопанисување со станбен и деловен простор – подружница --------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК се обрати до ЈЗУ Клиничка болница ---------- за достава на целокупната документација за вработување на лицето ------------.

По доставувањето на информации и податоци од наведената институција, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

По добиена согласност од Министерството за финансии со бр. 18-11492/2 од 28.09.2018 година за вработување на 119 лица меѓу кои е и работното место фармацевтски техничари, објавен е Јавен оглас бр. 04-2343/2 од 10.10.2018 година каде за работното место фармацевтски техничар се бараат двајца

извршители. Подоцна се објавува Повторен јавен оглас со бр. 04-2957/1 од 20.12.2018 година каде повторно за работно место фармацевтски техничар се бараат двајца извршители. Со Одлука за формирање на Комисија за селекција на здравствен работник и здравствен соработник по објавен Повторен јавен оглас со бр. 04-2957/1 од 20.12.2018 година е формира наведената комисија. Наведената комисија за селекција изработила ранг листа на кандидати кои конкурирале на Јавен оглас за фармацевтски техничар во ЈЗУ Клиничка болница ------------ со бр. 02-318/2 од 04.02.2019 година, од кој може да се види дека за ова работно место конкурирале 9 лица по што според утврдените критериуми: просек од успехот што кандидатот го постигнал на високо или средно образование, квалификационен испит составен од два дела и тоа: стручен дел (тест) и познавање на еден од наведените странски јазици, лицето ---------- се наоѓа на трето рангирано место, а другата кандидатка што е примена на истото работно место --------- е на петто рангирано место.

Согласно член 161 од Законот за здравствената заштита, член 14 став 1, член 21,22,23 и 27 од Законот за работните односи, врз основа на доставена ранг листа, Директорот на ЈЗУ Клиничка болница -------- носи Одлука со бр. 02-331/1 од 06.02.2019 година и за работното место фармацевтски техничар се избираат кандидатките -------- и -----------.

Против Одлуката со бр. 02-331/1 од 06.02.2019 година лицето -------- (четврта на ранг листата за работното место фармацевтски техничар) вложува жалба со бр. 03-532/1 од 14.02.2019 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен. Од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен донеснео е Решение со бр. 03-532/2 од 14.03.2019 година дека жалбата од лицето -------- се одбива како неоснована од причина што согласно член 161 од Законот за здравствената заштита, работоводниот орган на здравствената установа има дискреционо право да изврши избор на било кои од предложените кандидати кои ги исполнуваат условите објавени во огласот. Државната комисија утврдила дека директорот на ЈЗУ Клиничка болница ---------- постапил во рамките на ингеренциите и овластувањата кои му се утврдени со закон, правило ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалното право.

На седницата одржана на ден 12.02.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со наводите за вработување на лицето ---------- во ЈЗУ Клиничка болница ----------- поради искористување на дискреционото право од страна на директорот на ЈЗУ Клиничка болница ----------- и поради постапување на надлежен орган по вложена жалба на една од кандидатките пријавени на наведениот јавен оглас за работното место фармацевтски техничар.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК:
Изработил: К.З., советник